**Финален извештај од извршен редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот ПТУ ЛТД Деалтаск Австралија Подружница Ресен**

**-согласно член 37 од Закон за инспекциски надзор во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) –**

**(03.06.2025 год.)**

ПТУ ЛТД Деалтаск Австралија Подружница Ресен е субјект со дејност 14.20– Производство на предмети од крзно кој согласно член 122 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) а, во врска со **Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** ( ,,Сл.весник на РМ„ бр.89/2005) **Прилог 2, точка 6.2** има обврска да поседува Б-интегрирана еколошка дозвола.

Општина Ресен има издадено Б-интегрирана еколошка дозвола за субјектот на ден 28.12.2018 год. и истиот подлежи на редовен инспекциски надзор од страна на општинскиот инспектор за животна средина.

На ден 08.04.2025 год. општинскиот инспектор за животна средина Андријана Георгиевска Зебековска со број на лиценца **Б281010001** согласно член 69 ставови (2) и (3) од Закон за инспекциски надзор (,,Сл.весник на РСМ„ бр.102/19) изврши редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола со следнава листа на проверка:

**Листата за проверка доставена до субјектот е следна:**

**-Закон за животна средина:**

Надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола –дали се почитуваат условите наведени во дозволата;

**-Закон за управување со отпадот:**

1. Дневник за евиденција за постапување со отпад;
2. Годишен извештај за постапување со отпад од правни лица за 2024 год. согласно **Правилник** (,,Сл.весник на РМ„ бр,7/2006 год.);
3. Договори со соодветни субјекти за постапување со видовите отпад

**-Закон за води;**

1.Постапување со отпадни води;
2.Дозвола за користење на вода на подземни води за технолошки потреби

**-Закон за квалитет на амбиентниот воздух**

1.Стручен извештај од последно извршено мерење на емисии од стационарни извори;

2. Дневник за емисии во воздух од стационарни извори 2024год.

На ден 22.04.2025 год. извршен е редовен инспекциски надзор во субјектот во присуство на лицето Дијана Павлова,претставник на субјектот за време на надзорот и записнички констатирано е дека субјектот не работи, нема производство и вработени лица .

Субјектот има обврска да го извести инспекторот за животна средина на Општина Ресен доколку повторно го активира своето происводство т.е да ја извршува дејноста за која ја има добиено Б-интегриранатa еколошка дозвола.

Општински инспектор за животна средина

Андријана Георгиевска Зебековска